**20151995455**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАФТЕНИ РЕЗЕРВИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за задолжителни нафтени резерви,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 ноември 2015 година.

Бр. 08-5350/1
12 ноември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАФТЕНИ РЕЗЕРВИ

Член 1

Во Законот за задолжителни нафтени резерви („Службен весник на Република Македонија" број 144/14 и 178/14), во членот 56 датата „1 јануари 2016 година“ се заменува со датата „1 јануари 2018 година“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".